# 106. МОМА ОДИ ЗА ВОДА




Мома оди за вода, и беќаро по неја:
Постој, моме почекај да ти реча до два збора
деј гиди моме убаво, деј гиди севдо голема.

Да ми дадиш тро вода да улада срцето.
Се измами момето, му подаде стомнето,
деј гиди моме убаво, деј гиди севдо голема!

Тој не фати стомнето, тук и фати паката,
ја префрли на коњ и го скрши прстено,
деј гиди моме убаво, деј гиди севдо голема!

Каку ветар вееше, така коњо бегаше;
како роса росеше, така мома плачеше,
деј гиди моме убаво, деј гиди севдо голема!

Каракаш, Бранко. Антологија на македонски нардони песни. Скопје: Дега, 1995